Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) 19-а од од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 , 61/15,39/16 и 64/18) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11 и 13/14), градоначалникот на Општина Штип донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ „ИСАР"- ШТИП

1. За директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар" Штип **се именува Живко Тасев од Штип** сметано од **01 јуни 2018 година**.

2. Директорот Живко Тасев се избира со мандат од 4 години.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

## О б р а з л о ж е н и е

Со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) е утврдено дека градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс.

Согласно член 19-а и член 23 од од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15,39/16 и 64/18) градоначалникот на Општина Штип распиша јавен оглас за именување на директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар" Штип број 09-3035/2 од 18.05.2018 година. Огласот беше објавен во дневните пачати:„Вечер", „ Нова Македонија" и „Lajm" на 22.05.2018 година.

Во утврдениот рок на распишаниот оглас се пријави еден кандидат. По разгледување на пристигнатата документација, Комисијата избрана за прегледување на пристигнатите документи по јавниот оглас, изврши прегледување на пристигнатата документација и до градоначалникот на Општина Штип достави записник од спроведената постапка број 09-3035/5 од 29.05.2018 година.

Согласно записникот на комисијата на огласот е пријавен кандидатот Живко Тасев од Штип кој ги има приложено сите валидни документи согласно огласот и ги исполнува условите предвидени во Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) за именување на директор. Кандидатот Живко Тасев го исполнува и условот за познавање на англиски јазик согласно член 23 став 4 алинеја 5 од законот, за што има доставено валиден документ.

Согласно член 23 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) директорот се избира со мандат од 4 (четири) години.

Имајќи го предвид напред наведеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поведе спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на приемот.

Број 09- 3035/6
30.05.2018 година

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП